# СЛИКАРСКА КОЛОНИЈА

# ПРОХОР ПЧИЊСКИ 77

КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА
КУМАНОВО И
РАБОТНИЧКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ — ВРАЊЕ

ПО ПОВОД 7 СЕПТЕМВРИ — ДЕНОТ НА
ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ВРАЊЕ и
11 ОКТОМВРИ — ДЕНОТ НА ВОСТАНИЕТО
НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

**организираат**

**ЧЕТВРТА ИЗЛОЖБА
НА ЗБРАТИМЕНАТА СЛИКАРСКА
КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИЊСКИ — 77“**

**отворена:**

**од 6—20. IX. во новата зграда на Домот на културата во Врање**
**од 10—25 X. во Уметничката галерија — Куманово**

*Во оваа за нас значајна година, кога ги прославувавме јубилејите на нашиот водач — трикратниот народен херој на нашата самоуправна заедница ДРУГАРОТ ТИТО, во манастирот Прохор Пчињски по четврти пат работеше Ликовната колонија „Прохор Пчињски 77“.*

*Легендарниот Козјак со манастирот Прохор Пчињски, каде се удрени темелите на македонската држава на Првото заседание на АСНОМ со својот пријатен амбиент и историското значење за настаните од Народната револуција овозможи уметниците од Југославија во збратимената Ликовна колонија да создадат ликовни творби со кои се овековечуваат настаните од Револуцијата.*

*Создадените ликовни дела на уметниците од Белград, Скопје, Нови Сад, Крушевац, Никшиќ, Вршац, Врање и Куманово во целина ја потврдуваат исправноста на определбата за постоењето на Ликовната колонија во која се создаваат ликовни дела инспирирани пред сè од нашата Народна Револуција.*

*Создадени се над четириесет ликовни дела кои со својата идеја, остварување и уметничко кажување претставуваат посебен придонес во одбележувањето на оваа јубилејна година.*

*Со тоа Ликовната колонија „Прохор Пчињски“ широко ги отвори вратите на сите југословенски уметници, да престојуваат во неа и во своите дела да го овековечат славното минато на братските југословенски народи и народности. Секоја година се создаваат се поголеми можности за искажување на сознанијата за нашата Револуција.*

*Иако оваа Ликовна колонија е сè уште млада, сепак интересот за неа досега е добар, што се гледа и од бројот на учесниците во годинашнава манифестација.*

*Организаторите очекуваат секој нов собир во Ликовната колонија да донесе нови имиња — уметници, со свежи и нови идеи, со што уште повеќе ќе се збогати ликовниот живот на Куманово, Врање и во целата земја.*

*За создадените ликовни вредности во Ликовната колонија „Прохор Пчињски 77“, организаторите посебно им се заблагодаруваат на уметниците што претстојуваа и твореа во Колонијата.*

**ИЛИЈА АРИЗАНОВ**
**91000 Скопје, ул. 820 бис 3 Маџари**



Роден 1946 година во с. Негорци — Гевгелија. Завршил училиште за применета уметност во Скопје, Академија за применета уметност — отсек сликарство во Белград 1973 година. Постдипломски студии на истата академија 1975 година. Студиски престои: Парис, Базел, Штудгарт. Самостојни изложби: — во Белград 1975 година со Оsа Хелман — галерија „Кнез Милош"; — во Скопје 1976 година со Димитар Манев — галерија „Дом на младите". Групни изложби: — Киев — СССР — изложба на академијата за применета уметност; — изложба на цртежи, Библиотека „Климент Охридски" — Скопје, Куманово 1976 година; — изложба Стумичка ликовна колонија — Струмица 1976 година; — Загреб — изложба на млади сликари 1976. Гостувал во Ликовната колонија Ечка, Почитељ и Струмица. Член на ДЛУМ од 1975 година.

— Експлозија
— Пејзаж I
— Пејзаж II

**ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ, сликар**

Роден 1938 година во с. Гари, Дебарско. Завршил школа за применета уметност, Педагошка академија и Филозофски факултет — група историја на уметност во Скопје. Член на ДЛУ — Куманово и на ДЛУ — Македонија од 1968 година. Самостојни изложби: Во Куманово 1962, 1964, 1966, 1969 и 1973 година; во Битола и Пула 1970 година; во Скопје 1972 и 1973 година; во Лесковац 1972 година; во Врање 1972 година; во Пазин 1974 година. Групни изложби: Со ДЛУК во 1958 до денес во градот и надвор од него и на сите негови годишни ревијални изложби. Со ДЛУМ на сите годишни ревијални изложби од 1968 година во Скопје; „Нашето историско минато во делата на лковните уметници" 1971/72 во Скопје! „Млада генерација II" МСУ во Скопје и Битола 1972 година; со Сликарска колонија „Копашница 72" во Лесковац и Белград; IX и XII сликарска Струмичка колонија 72 и 75 год.; „Збратимени уметници" во Куманово и Скопје 1974 год.; Сликарска колонија „Прохор Пчињски" 74, 75 и 77 година во Куманово и Врање; Сликарска средба во Мотовун 74 година; Сликарска колонија во Панчево 76 год.; 1977 година со ДЛУК во Светозарево и Вараждин. Награди: Ноемвриска награда за сликарство на град Куманово за 1969 година. Годишна награда на ДЛУК за 1970, 72 и 76 година.

— Поход



**БОЖИДАР БОШКОВИЌ, сликар**
**21000 Нови Сад, Булевар АВНОЈ 51/27**



Роден е на 2 ноември 1935 година во Колашин. Академија за применета уметност (сликарски отсек) завршил во Белград 1963 година. Самостојно изл агал во Нови Сад 2 пати, Титоград и Херцег Нови. Од 1965 година учествувал на групните изложби на Војводинските ликовни и применети уметници. Исто така излагал во Нови Сад, Зрењанин, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Приштина, Бања Лука, како и во странство: Братислава, Будимпешта, Москва и Берлин. Награди: — III награда (за мозаик) на јавниот конкурс за уредување на новата железничка станица во Нови Сад 1965 година; — награда на публиката на Новосадскиот ликовен салон 1973 година; — награда на Сојузната конференција на ССРНЈ на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“ 1976 година, како и многу награди на конкурсите од областа на применетата и ликовната уметност од интерен карактер. Од 1969 година работи како ликовен соработник во Музејот на Социјалистичката револуција на Војводина во Нови Сад.

— Остатоци I
— Остатоци II

**МИЛУТИН ГАИЌ**
**37000 Крушевац, Закиќева 18**

Роден во Рума 1949 година. Дипломирал сликарство на АЛУ во Загреб.

— Анѓел Шајче I
— Анѓел Шајче II
— Композиција I
— Композиција II



**ИСЕНИ РЕЏАИ, сликар**
**Адреса: Основно училиште „Култура“ с. Матејче, Куманово**



Роден 1939 година во с. Матејче — Кумановско. Завршил педагошка академија, сликарски отсек, во Скопје. Член на ДЛУК од 1967 година и на ДЛУМ од 1969 година. Самостојни изложби: Во Прешево 1968 година, Куманово 1969 и 1970 година, Скопје 1968 година и Белград 1969 година. Групни изложби: Во Улцињ, Приштина, Гњилане и Урошевац. Со ДЛУК во Куманово, Битола, Штип, Лесковац и Охрид и на сите ревијални годишни изложби. Со ДЛУМ од 1969 година на сите негови ревијални годишни изложба во Скопје; „Изложба тутун“ 1973 гост во Прилеп и Цетиње; „Југословенски портрети“ 1975 год. во Тузла; „ЈНА во делата на Југословенските уметници“ 1975; 1977 со ДЛУК во Светозарево и Вараждин. Награди: Годишна награда на ДЛУК.

— За време на одмор
— Забава
— Песна
— Пејзаж

**ЉИЉАНА КОВАЧЕВИЌ - ЃОРЃЕВИЌ**
**11000 Белград, „Нехруова“ 242/13**

Родена на 8 декември 1930 година во Белград. Член е на УЛУС. Излагала на многу групни изложби што ги приредувал УЛУС. Самостојно изглагал во Земун (1974 година) и Белград (1975 година).

— Пејзаж I
— Пејзаж II
— Ранетиот I
— Ранетиот II
— Ентериер



**ДИМИТАР МАНЕВ**
**91000 Скопје, „Тошо Караџа“ 21 III/10**



Роден е во Штип 1948 година. Академија за ликовна уметност завршил во Белград во класата на проф. С. Челич. Член е на ДЛУМ од 1975 година. Самостојни изложби: — 1976 година — во Скопје изложба на цртежи. Колективни изложби: 1975 — ДЛУМ, Скопје, Куманово и Битола; 1976 — ДЛУМ, Скопје, Куманово и Битола; 1977 — Врбас — „Југословенска палета на младите“; 1977 — Риека „IX југословенско биенале на младите“.

— Композиција I

— Композиција II

**НИКОЛА ПЕЈАКОВИЌ — КОЛЕ**
**81400 Никшиќ, „Б. Пивљанина“ С/84-4**

Роден е 1941 година во Цетиње. Завршил уметничка школа во Херцег Нови а потоа педагошка академија во Никшиќ, група за ликовно воспитување. Работи како наставник по ликовно воспитување во Основното училиште „Лука Симоновиќ“ во Никшиќ. Излагал 2 пати групно во Будва на тема „У спомени на Црна Гора“, како и во неколку градови во Швајцарија и Германија.

— Траги

— Сеќавање

— Визија

— Бесење



**НЕБОЈША РАДОЕВ, сликар**
**26300 Вршац, „29 Новембар“ 6**



Роден на 19 февруари 1946 година во Нови Козарци. Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1970 година. Член е на УЛУС од 1971 година. Самостојно излагал: 1968, 1969 и 1972 во Банатски Карловац; 1972 во Нови Сад и Вршац; 1976 година во Нови Сад. Групно излагал: 1969 — на III триенале на современиот југословенски цртеж во Сомбор; 1970 година — на изложбата на генерациите 1979/70—1970/71 во Белград; 1971 година — на изложбата на новопримени членови на УЛУС во Белград; — на пролетната изложба на УЛУС во Белград; — на летната изложба на УЛУС за САП на Војводина; — на XII-ти октомвриски салон во Белград; 1972 година — на Југословенската изложба на цртежи за млади „Светот во кој што живееме“ во Белград; —на изложбата „Современа Војводинска уметност“ во Зрењанин, Вршац и Суботица; 1973 година — на XIV октомвриски салон во Белград; 1974 година — на изложбата „Млади Војводински уметници“ во Белград; 1975 година — на изложбата „Летен салон на културните центри“ во Белград; — на изложбата „Цртеж на ликовните уметници на Војводина“ во Нови Сад; 1976 година — на IV изложба на „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“ во Белград; — на изложбата „Оружените сили и општонародната одбрана во делата на ликовните уметници“ во Белград; 1977 година — на изложбата во Познањ (Полска) „Зелено заглембје 76“; — на изложбата „Светот во којшто живееме“ во Белград. Во периодот 1971—77 година излагал на сите изложби на Клубот на ликовните уметници на Вршац.

— Набљудување

— Пејзаж I

— Пејзаж II

**ПРЕДРАГ САВИЌ**
**18500 Врање, Сима Погачаревиќ 66**



Роден 1939 година во Врање. Завршил школа за применета уметност во Ниш а педагошка академија во Скопје. Работи како дизајнер во Памучниот комбинат во Врање. Самостојно излагал во Врање 1957, 1958 и 1959 година. Групни изложби: — во Врање 1958, 1959, 1960, 1962, 1965, 1968 и 1973 година. Член е на ДЛУК — Куманово од 1975 година. Повеќе пати учествувал во Ликовната колонија „Прохор Пчињски“. Награди: I награда за графика 1958 година; I награда за акварел 1959 година; Награда за туристички проспект на Македонија и плакат Охридски фестивал на народни песни и ора.

— Злосторство
— Пејзаж I
— Пејзаж II
— Пејзаж III
— Пејзаж IV

**ЈОВИЦА СТЕВАНОВИЌ**

Роден на 23 февруари 1947 година во Лесковац. Академија за ликовна уметност завршил 1971 година, а постдипломски студии 1973 година во Белград, во класата на професор Зоран Петковиќ. Самостојно излагал 1973 година во Галеријата на КНУ во Белград, како и на многу други изложби; 1971 година излагал во Музејот „2000“ во Луксембург.

— Заседание
— Борба за ранетите

